Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-2057/1

Датум 14.09.2020

## ЗАПИСНИК
## ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД ШТИП

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 3.03.2020 година (вторник) во 10:15 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1001/1 од 12.02.2020 година го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Штип.

Претходно со допис број 08-1150/1 од 21.02.2020 година.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот, Ѓорѓи Андонов, во врска со реализација на обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник.

Претседателот функцијата ја преземал на 29 октомври 2019 година од Емил Пилатов, кој во два последователни мандати ја вршел функцијата претседател, следстветно и во контролираниот период 2017, 2018 и 2019 година. За целите на појаснување на одредени состојби во судот во контролираниот период, беше повикан и судијата Пилатов.

Претседателот на судот истакна дека од 19-те предвидени судиски места, во моментот се пополнети 15. Притоа, во Судот активно постапуваат само 13 судии, од причина што 1 судија од страна на Судскиот совет во мај 2019 бил времено распореден за судија во Основниот суд Виница, а на другиот судија му мирува местото бидејќи од мај 2018 бил избран за член на Судскиот совет на РСМ. 13-те судии, се распоредени во два оддела и тоа 4 во кривичниот и 8 во граѓанскиот. Претседателот паралелно постапува и во Кривичниот оддел со оглед на недоволниот број на судии во одделот.

Претседателот извести, дека е избран нов судија од страна на Судскиот совет, кој по правосилноста на одлуката за избор, ќе биде распореден во Кривичниот оддел, но ќе може да постапува само по прекршоци, со оглед на законските пречки како млад судија во полна јурисдикција да постапува во кривичните предмети.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Воедно претседателот укажа дека состојбата со бројката на судиите се очекува да се влоши уште во текот на 2020 година затоа што уште 2-ца судии ќе заминат во пензија во 2020 и 2021 година.

Решението на ваквите кадровски проблеми Претседателот го гледа во редефинирањето на судската мрежа и укинувањето на малите судови на релативно мали простори од по неколу десетици километри, бидејќи на тој начин ќе може порационално да се користат човечките ресурси во судството, а истото нема да се одрази на квалитетот на судската работа, ниту пак на достапноста до правдата за граѓаните и компаниите. На тој начин искусните судии од помалите судови, ќе може порационално и пофункционално да ја извршуваат својата судиска функција.

Во однос на вкупниот број на вработените во судот, Претседателот посочи, дека со Актот за систематизација се систематизирани 124 места, од кои што се пополнети 67 места односно 52%. Воедно судот има и 6 судски полицајци кои со големи тешкотии можат да ја обавуваат својата функција од аспект на организација на работа на смени особено во периодот на празници и одмори. Претседателот укажа дека треба да се размислува за централизирање на обезбедувањето на судската зграда, од причина што истиот објект го користат: Основен суд Штип, Апелационен суд Штип, Основното и Вишото јавно обвинителства, како и Државното правобранителство. Апелациониот суд Штип исто така имал 6 припадници на судската полиција, која на идентични места како и Основниот суд ја обезбедува зградата, заради што бара да се размисли за централизирано обезбедување на судската зграда од страна на судската полиција, со што ќе се намали нецелисходниот дуализам на обезбедување на објектот на судската зграда, и оптимално функционирање на судските полицајци.

Претседателот укажа дека голем проблем им претставува недостатокот на судии поротници, кој е последица од претходното лошо законско решение на Законот за судови кој воспостави непотребно високи критериуми за поротниците и сложени процедури за нивно поставување. Заради тоа судот има само 10 судии поротници, од кои што функционални им се 8. Тоа предизвикува одложување на рочишта.

Основниот суд Штип има 1 информатичар кој се грижи за непречено функционирање на АКМИС-от, а за време на одморите го покрива информатичарот на Апелациониот суд Штип, со оглед на фактот, дека објектот на судската зграда е единствен за двата суда. Она што беше забележано и Комисијата го оцени како исклучително негативно е


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

фактот што информатичарот е сместен во просторија во која не постојат основни услови за престој, хигиената е на ниско ниво и истата просторија се користи за складирање на старата информатичка опрема која е вон употреба.

*ПРЕПОРАКА: Во најбрз можен рок да се расходува информатичката опрема која е вон употреба и да се создадат солидни услови и простор за работа на информатичарот во судот.*

Се укажа на проблемот на недоволна обученост на судските службениици за работа со АКМИС-от, заради што побара организирање на редовни и системски обуки за службенците како би можело непречено и во целост да внесуваат податоци и да ги користат предностите на системот, кој постојано се надградува.
Основниот суд Штип поседува 2 скенери кои се во функција и со кои целосно ги скенираат сите влезни документи, освен СУ. Поради малиот капацитет на серверот во судот и немањето на доволен капацитет за резервна копија на податоците дополнително набавиле екстерни дискови за складирање на истите. Тонското снимање во судот е овозможено само во 2 судници, од 3-те постојни судници. Заради тоа тонското снимање не е редовно и се користи само во одредени граѓански постапки.
Електронската достава на документите во судот се врши нередовно.
Претседателот истакна дека предметите во судот тековно се архивираат, а во план му е да формира и Комисија за лачење на предметите во Државниот архив.

Во однос на состојбата со предметите во судот, најголем проблем им претставуваат прекршочните предмети, заради бројноста и недостатокот на судии во кривичниот оддел (4), но се надева на надминување на проблемот со започнувањето со работа на новиот судија. Во однос на оставинските предмети беше истакнато дека немаат проблем, бидејќи 10-те нотари на подрачјето го совладуваат приливот, а бројката на оспорени нотарски решенија е многу мала и во 2019 година изнесувала само 10. Распределбата на оставинските предмети на нотарите, судот ја врши рамномерно по азбучен редослед на презимињата на нотарите.
Видно од годишниот извештај на судот за 2019 година, ниска е и бројката на оспорени нотарски платни налози и изнесува само 190. Целосно го совладуваат приливот на приговори против налозите на извршителите, кој е екстремно мал и во 2019 изнесувал само 72, а засега во 2020 имаат само 14 приговори, од кои 12 веќе се одлучени. Беше

истакнато, дека во АКМИС-от нема софтверска можност за автоматска распределба на оставинските предмети на нотарите.

***ПРЕПОРАКА: Во АКМИС да се предвиди и изработи програма за автоматска распределба на оставинските предмети, за да може нотарите надлежни за подрачјето на Основниот суд во Штип да се внесат во истата и предметите да се распределуваат преку овој систем.***

На влезот на зградата на судот има табли, од кои се гледа, дека во зградата е сместено Основното јавно обвинителство Штип, Вишото јавно обвинителство Штип, Апелациониот суд во Штип и Државното Правобранителство. Надзорната комисија беше информирана, дека секоја институција си ги плаќа своите трошоци, само набавката на нафтата оди со јавна набавка преку Судскиот совет.

***ПРЕПОРАКА: Да се преиспита можноста*** Основното јавно обвинителство Штип, Вишото јавно обвинителство Штип и Државното Правобранителство ***да се преместат на друга локација, со оглед дека се работи за субјекти кои пред судот се јавуваат како странка во постапката.***

Пробациската служба не им се наоѓа во судот заради немање на просторни услови, и истата е стационирана во просториите на Агенцијата за вработување, прилично одалечена од судот. Моментално не им претставува проблем бидејќи засега кривичниот оддел нема изречено ниту една пробациона мерка.

За време на надзорот, на Надзорната комисија и беа презентирани дел од документите кои со дописот од 08-1150/1 од 21.02.2020 година им беа побарани да се подготват за увид и да се обезбедат копии од истите. Беше образложено дека тоа се должи на краткиот рок за подготовка на надзорот, бидејќи дописот на МП кај нив пристигнал на 26.02.2020 година, а имале и најавен надзор од страна на Судскиот совет за 4.03.2020 година, што ги оневозможило да се подготват целосно за надзорот. За таа цел преземаа обврска селектираната потребна документација, како и таа што недостасува, да ја ископираат и да ја достават до Министерството за правда.
Документацијата во Министерстото за правда беше доставена на 10.03.2020 година.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Надзорната комисија ја побара документацијата наведена во горе спомената тиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

1. **Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.**

Надзорната комисија беше информирана, дека Работно тело за управување со движењето на предметите во Основниот суд Штип е формирано со Одлука за формирање Работно тело за управување со движење на предметите во Основниот суд Штип СУ.бр.502/11 од 30.06.2011 година. Поради промена во персоналниот состав на Работното тело во 2019 година е донесена Одлука за определување на член на Работното тело за управување со движење на предметите во Основниот суд Штип СУ.бр.1008/19 од 06.12.2019 година. Наведената одлука е изготвена и заведена во АКМИС.

2. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2017, 2018 и 2019 година по предлог на Работното тело**

На увид на Надзорната комисија и беа доставени Предлози на Годишни планови за управување со движењето на предметите во судот заведени како СУ.бр.174/17 од 02.03.2017 година, СУ.бр.117/18-2 од 02.03.2018 година и СУ.бр.269/19-2 од 02.03.2019 година и Одлуки за усвојување на предлозите на годишните планови СУ.бр.174/17-3 од 02.03.2017 година, СУ.бр.117/18-4 од 02.03.2018 година и СУ.бр.269/19-4 од 02.03.2019 година. Наведените акти се изготвени и заведени во АКМИС.

3. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена, дека претседателот редовно врши надзор над навремено извршување на работите во судот, но не се изготуваат службени белешки. На Надзората комисија и беа презентирани на увид записиници од извршена контрола во судска писарница за 2017 и 2018 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

*ПРЕПОРАКА: соодветно да се следи постапката за надзор предвидена во член 17 од Судскиот деловник*

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд во Штип за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија беше известена, дека Апелациониот суд Штип секоја година врши надзор над работата на Основниот суд во Штип. Надзорната комисија изврши увид во Извештај на Апелациониот суд Штип од извршената посета и надзор над работењето на Основните судови СУ.бр.1043/19-2/5 од 16.12.2019 година и Извештај од извршени посети и надзор над работењето на Основните судови на подрачјето на Аапелациониот суд СУ бр.449/18-2 од 12.06.2018 година. Претседателот на судот наведе, дека во 2017 година е извршена посета во Основниот суд Штип од страна на повисокиот суд, но дека не им бил доставен извештај.

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници**

Од извршениот увид во Записниците од одржани седници на судиите на месечно ниво во 2017, 2018 и 2019 година се констатира, дека во Основниот суд Штип не се изготвени записници за сите месеци. Во документацијата која ни беше доставена до Министерството за правда, а не доставуваат записници од одржани седници на судии и тоа: февруари, мај, јули, септември и ноември од 2017 година. За 2018 година недостасуваат следните записници: март, август и октомври. За 2019 година недостасуваат записниците за месец април, мај, јули.

*ПРЕПОРАКА: Се укажува дека е неопходно да се одржуваат редовно седниците на судиите и да се изготвуваат* **записниците на месечно ниво согласно членовите 19 и 22 од Судскиот деловник**

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД)**

Тековни обуки за работење на АКМИС на вработените врши информатичарот во судот. Беше истакнато, дека во судот немало организирана и систематска обука на вработените за работење на АКМИС.

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и другите вработени во судовите, како и заради поголема ангажираност на вработните за целосно искористување на капацитетите на АКМИС-от.***

**7. Судски администратор (член 60 од СД)**

Во судот има судски администратор, кој беше присутен во текот на надзорот.

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана, дека е изготвен Список за распоредување по кориснички групи при користење на АКМИС системот. Комисијата изврши увид во Список Су.бр.50/17-1 од 23.01.2017 година, СУ.бр.76/18 од 30.01.2018 година и Су.бр.131/19 од 30.01.2019 година.

**9. Достава на Извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд**

Надзорната комисија беше информирана, дека посебен извештај за реализација на програмата за работа не се доставува до Судскиот совет.

***ПРЕПОРАКА: Да се постапи по задолжението за доставување на Извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет.***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**10. Внатрешни процедури за управување со движење на предмети (174 СД))**

Надзорната комисија беше известена, дека во Судот се донесени внатрешни процедури за управување со движење на предметите, при што на увид беа доставени три акти кои се однесуваат на контролираниот период и тоа: СУ бр.174/17-2 од 02.03.2017 година, СУ бр.117/18-1 од 02.03.2018 година и СУ бр.269/19-3 од 02.03.2019 година.

Од увидот во актите се утврди дека во Основниот суд Штип постојат внатрешни процедури за прием и отварање на писмена, работа на судски писарници, работа на судии, достава, повикување на судии-поротници, вештаци, толкувачи, преведувачи и проценители, состојба со предмети, дадени вештачења, постапување по предмети од меѓународна правна помош, состојбата со функционирањето на автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС), обновување на предмети и списи, архивирање на предметите, состојбите со наплатувањето на судските такси, извршување на кривични и прекршочни одлуки, ажурно водење на казнена евиденција на прекршочни санкции.

**11. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Бројот и видот на судски оддели со судиите кои постапуваат по секоја област се утврдени со годишните распореди за работа. Надзорната комисија утврди дека работата во судот се организира во 2 (два) судски оддели: Кривичен и граѓански оддел.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана, дека не е формиран оддел за судска практика, меѓутоа со Годишниот распоред за судската практика се задолжени раководителите на одделите.

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2017, 2018 и 2019 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД)**

Годишниот распоред на Основниот суд Штип за 2017 година е донесен на ден 19.12.2016 година и тоа во рамките на Распоред за работа на судиите за 2017 година заведен како СУбр.899/16 и истиот е менуван еднаш со Одлука Су.бр.244/17 од 28.03.2017 година.

Годишниот распоред на Основниот суд Штип за 2018 година е донесен на ден 22.12.2017 година и тоа во рамките на Распоред за работа на судите за 2018 година заведен како СУбр.867/17. Распоредот е менуван и дополнуван со Одлука СУ бр.399/18 од 06.06.2018 година и Распоред за работа на судиите за 2018 година Су.бр.613/18 од 11.09.2018 година.

Годишниот распоред на Основниот суд Штип за 2019 година е донесен на ден 24.12.2018 година и тоа во рамките на Распоред за работа на судиите за 2019 година заведен како СУбр.882/2018. Распоредот е менуван еднаш со Распоред за работа на судиите за 2019 година Су.бр.435/19 од 30.04.2019 година.

За време на надзорот беа дадени на увид годишните распореди за 2017, 2018 и 2019 година. Годишните распореди се донесени за работата на судот се донесени по прибавено мислење на седница на судии. Записници од одржани седници на судии, СУ бр.862/16 од 07.12.2016 година, СУ бр.823/17 од 12.12.2017 година и СУ бр. 810/18 од 07.12. 2018.

Гореспоменатите акти Распоред за работата на Основниот суд Штип, за 2017, 2018 и 2019 година се уредно изготвени и заведени во АКМИС.

## 14. Месечни распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година (116)

Надзорната комисија констатираше, дека во Основниот суд во Штип за контролираниот период изготвени се месечни распореди и времетраење на дежурства, меѓутоа истите не се внесени во АКМИС системот. Надзорната комисија беше информирана дека Распоредот за дежурставата бил внесуван во АКМИС системот само за време на судската ферија.

***ПРЕПОРАКА: Да се изготвуваат месечни распореди и дежурства согласно член 116 од Судскиот деловник.***

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана, дека во судот нема простории за поротници и адвокати, меѓутоа дека планираат да пренаменат некоја просторија за адвокати.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**

Судот располага со огласни табли кои се во функција на видливо место.

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101)**

Претседателот на судот ја информираше Комисијата, дека е формирана Канцеларија за односи со јавност, но дека не е побаран анонимизиран примерок од судска одлука.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД)**

Надзорната комисија беше известена, дека во судот е вработен информатичар кој е определен за администратор на АКМИС-от со Одлука Су.бр.231/14 од 01.02.2014 година.

Од страна на членовите на комисијата беше извршен разговор со лицето задолжено за администратор на АКМИС-от и неговата примена во судот.

Надзорната комисија беше известена дека автоматска распределба и прераспределба на предметите се врши од страна на уписничарите во судот.

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2017, 2018 и 2019 година (175 став 5 СД)**

Во случаите на исклучување на судија од распределба на предметите донесени се формални одлуки за исклучување на судија од распределбата на предмети. Доколку судијата е отсутен повеќе од пет дена од работа го исклучуваат од АКМИС-от, и при враќање на работа, повторно го вклучуваат во АКМИС системот.

**20. <u>Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)</u>**

На членовите на надзорната комисија им беа доставени на увид месечните извештаи на Работното тело од кои беше констатирано, дека за 2017 година недостасуваат извештаи за месеците април, мај, јули, за 2018 година недостасуваат извештаи за месеците март, јуни, јули и септември и за 2019 година, недостасуваат извештаи за месеците мај, јули и декември.

Месечните извештаи на Работното тело во судот ги доставуваат само до Судскиот совет, додека до Апелациониот суд во Штип не ги доставувале.

***ПРЕПОРАКА: Месечните извештаи на Работното тело во судот да се доставуваат на увид до повисокиот суд согласно Заклучокот од работен состанок од Велес 2013 година.***

**<u>21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2017, 2018 и 2019 година</u>**

Надзорната комисија изврши увид во решенијата за иземање на судија. Во диспозитивот на голем дел од решенијата за иземање (Су.ИЗЗ.433 од 10.05.2017 година, СУ. ИЗЗ бр.52/17 од 19.05.2019 година, СУ ИЗЗ бр. 53/19 од 18.06.2019 година, СУ ИЗЗбр.63/19 од 16.07.2019 година и др.) напишано името на судијата на кој се распределува предметот, односно не се наведува, дека предметите се доделуваат со автоматска распределба на друг судија. Одлуките се заведуваат во уписникот СУ-ИЗЗ, а решенијата се изготвуваат во АКМИС.

***ПРЕПОРАКА: По барањето за иземање на судија на кого му е распределен предметот, претседателот на судот по донесена одлука за иземање на судијата, да носи одлука за повторна автоматска распределба на предметот како што е предвидено во чл.178 од СД, односно во диспозитивот да стои дека предметот се пушта на повторна автоматска распределба.***

**22. План за годишен одмор на судиите, за 2017, 2018 и 2019 година (член 115 СД)**

Надзорната комисија констатира, дека се носат планови за годишен одмор за судиите. На увид наѕ Надзорната комисија беше доставен Распоред за дежурства на судиите за периодот од 16.07.2018 година до 15.08.2018 година.

**23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2017, 2018 и 2019 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: истражни дејства (ОИД, КРП, КНЗД), претходна постапка (К-ПП, УОСК), кривично полнолетни (ЗАМ-К), прекршоци (ПРК-Р), Заверки (ЗАВ, ЗАВ1), како и уписници по кои постапува претседателот на судот и тоа Заверки (ЗАВ-С, ЗАВ-Х), замолници (ПОМ, ПОМ сек, ЗАМ-С), кривично полнолетни (КР), извршување на санкции (КУИКП, КУИКМ, ИКП, ИПРК, ПК, ИСАМ, ИСАМ –Д, ИСАМ –ВМ, ИСАМ –Л,ИСАМ- ПС, ИОИП), обезбедување и спроведување на побарувања (ИДС), уписникот за слободен пристап до информации од јавен карактер (СПИ), уписникот за претставки (УПП), ППНИ-уписник по приговор против незаконитости при извршувањето во кој постапувал претседателот на судот. и во сите уписници од судска управа и претставки и поплаки по кои постапува претседателот на судот.
Редовните предмети се распоредуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени во автоматска распределба, освен поврзаноите предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија.

***ПРЕПОРАКА: Предметите во сите уписници да се заведуваат редовно во рамки на законски предвидените рокови, сите акти да се изготвуваат со користење на АКМИС и да се внимава внесените податоци да бидат целосни и точни.***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија констатираше, дека по предмети кои се од итен карактер од кривична област, како притворските предмети има случаеви кога предметите се рачно распределени преку АКМИС системот, бидејќи тебало истиот ден да се постапува, кога постои законска пречка предметот да биде распределен кај другите судии од кривичен оддел и за време на судската ферија кога судиите дежураат, како СУ бр. 571/18, СУ бр. 525/18 и СУ бр.741/18, СУ бр. 820/17.
Исто така, во Одлуката СУ бр.212/17 од 15.03.2017 година е наведено името на судијата кој што ќе постапува по предметот и истата е без никакво обрзаложение.

***ПРЕПОРАКА: Во сите предмети да се врши автоматска распредлеба на предметите преку АКМИС системот, а во дипзитивот на одлуките да стои дека предметот пушта на автоматска распределба и истите да се соодветно образложени.***

**25. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд во Штип.

Серверот во судот е од 2010 година со недоволен капацитет и од тие причини имаат набавено екстерни дискови на кои прават резервна копија на податоците од АКМИС-от.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите за да се овозможи непречено фунцкионирање на АКМИС-от, системот за електронска достава, скенирањето на влезните документи, тонското снимање на рочиштата во граѓанската област, казнената евиденција и сл.***

**26. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана, дека се врши скенирање на сите влезни документи кои се однесуваат на предметите во работа меѓу кои и доказите. Поднесоците за уписниците СУ не се скенираат.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

## 27. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14 часот, но има случаи кога е извршена распределба на предмети повеќе пати во текот на еден ден. На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно, електронски се праќаат до судиите.

*ПРЕПОРАКА: Распределбата на предметите да се врши исклучиво еднаш дневно.*

## 28. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот

Надзорната комисија беше информирана, дека во судот редовно се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал. Стручните соработници го вршат анонимизирањето на одлуките и истите ги објавуваат. Бројот на анонимизирани одлуки објавени на веб-порталот на судот за 2017 година е 2986, за 2018 година е 2439 и за 2019 година 2057 анонимизирани одлуки, до моментот на надзорот.

## 29. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Надзорната комисија беше информирана дека електронскиот прием од страна на судиите се врши редовно. Беше истакнато дека нема никакво задоцнување.

## 30. Уписници што се водат во хартиена форма

Надзорната комисија беше информирана дека во Основниот суд во Штип нема уписник во хартиена форма, односно сите уписници се водат електронски.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Увидот заврши на ден 03.03.2020 година во 16.30 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk